# Дали повисоката цена на цигарите ќе придонесе за нивно откажување?!

01.07.2014 15:50

**Во Центрите за јавно здравје активно се спроведуваат советувалишта за одвикнување од цигари. Македонија е лидер во регионот- дури 37% од населението се пушачи, односно 740 илјади граѓани...**



Цената на кутија цигари е повисока за 3 до 5 денари. Дали економскиот фактор ќе придонесе за откажување од цигарите? Граѓаните со поделени мислења колку цената ќе влијае на одвикнувањето од пушење.
**„Нема да ги одврати... Никако... Поубаво е да се поскапат, отколку вака да бидат поевтини, многу млади пушат... Би требало, јас се одвикнав на времето...", велат случајно анкетираните граѓани.**
Во центрите за јавно здравје, советувалиштата се фокусирани најпрвин кон здравствените работници, а потоа и кон пациентите.

**„Се бара нов мотив да не се користи тутунот. Тоа се добриот изглед, белите заби, прстите кои не се пожолтени", вели прим. д-р Весна Спирова.**
Македонецот пуши 121 кутија цигари годишно.

Во Центрите за јавно здравје активно се спроведуваат советувалишта за одвикнување од цигари. Македонија е лидер во регионот- дури 37% од населението се пушачи, односно 740 илјади граѓани.

Пушењето е социјално патолошка појава која предизвикува физичка и психичка зависност. Висок е бројот на негативните ефекти по здравјето на човекот.

**„Постои тесна корелација со малигните заболувања. Не случајно првото советувалиште е отворено во институтот за белодробни заболувања", изјави прим. д-р Персида Малинска.**
Од 1 јули стапката на минималната акциза по цигара е зголемена за 0,15 денари. Оваа стапка ќе се зголемува за 0,20 денари во секоја година, за во 2023 година да има поскапување од 40 денари по кутија цигари.

Автор: *Лука Андреев*
Превземено од ***МРТ***
Датум: 01.07.2014